# СЛУЖ

НА ФЕДЕРАТИВНА НАРО

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 101-Т-30, за огласи 101-Т-931.

Среда, 26 февруари 1958
БЕЛГРАД
БРОЈ 8 ГОД. XIV

Цена на овој број е 60.— дин. — Претплата за 1958 година изнесува 1700.— дин., а за странство 2500.— динари. — Редакција: Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продажно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.


**104.**

Врз основа на чл. 149 и 156 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ЗВАЊАТА НА ИНСПЕКТОРИТЕ НА ТРУДОТ

Член 1

Со оваа уредба се определуваат звањата, распоредот на звањата во платни разреди и услови за здобивање со звање на службениците што во државните органи работат на работите на инспекција на трудот.

Член 2

Звањата на службениците што вршат работи на инспекцијата на трудот се: инспектор на трудот и виши инспектор на трудот.

Според стручната спрема на инспекторот на трудот неговото звање е од трета, втора или прва група, а звањето на вишиот инспектор на трудот — од втора или прва група.

Член 3

За звањата од претходниот член потребна е следната стручна спрема, и тоа:

1) за звањето инспектор на трудот од трета група — завршена средна школа за општо образование односно средна стручна школа, најмалку две години стаж и положен стручен испит, или спрема на квалификуван работник, најмалку три години работа во таа квалификација и положен стручен испит;

2) за звањето инспектор на трудот од втора група — завршена виша школа, најмалку две години стаж и положен стручен испит, или спрема на висококвалификуван работник, најмалку три години работа во таа квалификација и положен стручен испит;

3) за звањето инспектор на трудот од прва група — завршен факултет или на него рамна висока школа, најмалку две години стаж и положен стручен испит.

Во поглед на унапредувањето во звањето советник и виши советник важат одредбите од Законот за јавните службеници што се однесуваат на службениците на државната управа.

Член 4

Звањата од членот 2 се распоредуваат во следните платни разреди:

| Звања | Платни разреди |
|---|---|
| 1) од трета група | |
| инспектор на трудот — — — | од XV до VIII |
| 2) од втора група | |
| а) инспектор на трудот — — | од XIII до IX |
| б) виши инспектор на трудот — | од VIII до VI |
| 3) од прва група | |
| а) инспектор на трудот — — | од XI до IX |
| б) виши инспектор на трудот — | од VIII до V |

Во XII платен разред на звањето инспектор на трудот од трета група и во IX платен разред за звањето инспектор на трудот од втора и прва група постојат по четири периодски покачувања, а во завршните платни разреди на тие звања по две периодски покачувања.

Член 5

За унапредување на инспекторот на трудот од трета група во XI платен разред и на инспекторот на трудот од втора и прва група во VIII платен разред важат условите од Законот за јавните службеници за унапредувањето на пристав во звањето референт од трета група и на референт од втора односно прва група во звањето виши референт од втора односно прва група.

Член 6

Лицата што од друга јавна служба, стопанска или општествена организација или од приватна професионална дејност преминуваат во службата на инспекцијата на трудот, се должни да положат стручен испит во срок од една година од денот на назначувањето.

Член 7

Службениците што се затекнале во звањето помошен инспектор на трудот добиваат звање инспектор на трудот од трета група и го задржуваат XV платен разред.

Службениците од членот 3 став 2 на Правилникот за звањата и платите на службениците на инспекцијата на трудот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/52) добиваат звање инспектор на трудот од трета група и го задржуваат платниот разред што го имаат. Ако на таков службеник му преостанало време за унапредување, се распоредува во IX или VIII платен разред, односно добива соодветно периодско покачување.

Ако службениците од претходниот став имаат виша школа или на неа соодветна спрема односно спрема на висококвалификуван работник, добиваат согласно со членот 4 од оваа уредба звање инспектор на трудот од втора група и два платни разреди повеќе односно соодветно периодско покачување.

Службениците што се затекнале во звањето инспектор на трудот што имаат факултетска спрема или на неа рамна висока школа добиваат, согласно со членот 4 од оваа уредба, звање инспектор на трудот од прва група и два платни разреди повеќе односно соодветно периодско покачување.

Службениците што се затекнале во звањето виши инспектор на трудот добиваат, согласно со членот 4 од оваа уредба, звање виши инспектор на трудот од прва група и два платни разреди повеќе односно соодветно периодско покачување.

Член 8

Во сè друго за службеник на инспекцијата на трудот важат одредбите од Законот за јавните службеници што се однесуваат на службениците на државната управа.

Член 9

Со денот на почетокот на применувањето на оваа уредба престанува да важи Правилникот за звањата и платите на службениците на инспекцијата на трудот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/52).

Член 10

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 49
14 февруари 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**105.**

Врз основа на членот 162 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАР ЗА РАБОТИ НА НАРОДНАТА ОДБРАНА ДА ДАВА СОГЛАСНОСТ НА СКЛУЧУВАЊЕТО НА ДОГОВОРИ ЗА ПОСЕБНИ НАГРАДИ

I. Се овластува Државниот секретар за работи на народната одбрана во смисла на членот 162 од Законот за јавните службеници да им дава согласност на комисиите, институтите и на другите установи од областа на народната одбрана за склучување на договори за посебни награди на службениците за изработка и приготвување на особено сложени и обемни елаборати што имаат карактер на научна работа или на висока стручна анализа.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 68
19 февруари 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ,** с. р.

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ,** с. р.

**106.**

Врз основа на точката VI од Одлуката за минималните заштитни цени и за премиите во 1958 и 1959 година за говедата и свињите од определен квалитет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/58) сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите, со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работи на стоковниот промет и од Секретаријатот за селско стопанство и шумарство на Сојузниот извршен совет, издава

## НАРЕДБА

### ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА МИНИМАЛНИТЕ ЗАШТИТНИ ЦЕНИ И ЗА ПРЕМИИТЕ ВО 1958 И 1959 ГОДИНА ЗА ГОВЕДАТА И СВИЊИТЕ ОД ОПРЕДЕЛЕН КВАЛИТЕТ

I. Селскостопанските организации (земјоделските задруги, селанските работни задруги, земјоделските стопанства и економии, како и другите стопански организации што се занимаваат со гоење) што имаат право на премии од точката II став 1 од Одлуката за минималните заштитни цени и за премиите во 1958 и 1959 година за говедата и свињите од определен квалитет (во натамошниот текст: „одлуката"), се должни на органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на селското стопанство да му поднесат пријава за производството на бели месната свињи и на гоени телиња најдоцна на три месеци пред продажбата на тие производи.

Органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на селското стопанство води евиденција за пријавеното производство во смисла на претходниот став. Оваа евиденција ги содржи податоците за денот на примената пријава, за видот и количината на пријавениот добиток за производство, како и за називот и седалиштето на подносителот на пријавата.

II. Контролата на квалитетот предвиден во точката I став 3 од одлуката ја вршат при продажбата на добиток сточарско-ветеринарските или сточарските, односно селскостопанските станици, а каде што овие ги нема — органот на управата надлежен за работите на селското стопанство на општинскиот народен одбор.

Контролата на квалитетот од претходниот став ја вршат зоотехничарите или ветеринарите на сточарско-ветеринарната, сточарската, односно селскостопанската станица, а каде овие ги нема — зоотехничарот или ветеринарот на органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на селското стопанство.

III. Селскостопанските организации од точката I на оваа наредба се должни кон барањето за премија, што ѝ го поднесуваат на банката кај која имаат жиро сметка, да приложат:

1) потврда од органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на селското стопанство дека во смисла на точката I став 1 од оваа наредба го пријавиле производството на добиток. Оваа потврда мора да ги содржи податоците за видот и количината на пријавениот добиток;

2) заверена копија од фактурата за извршената продажба на добитокот. Во фактурата продавачите го назначуваат видот на добитокот и тежината изразена во килограми жива мера. Заверката на преписот ја вршат директорот на стопанската организација и шефот на сметководството односно лицата што ги застапуваат нив;

3) доказ дека е извршена испорака на продадениот добиток;

4) потврда од сточарско-ветеринарната односно сточарската станица дека добитокот во моментот на испораката му одговара на пропишаниот квалитет;

5) пресметка на премијата по единица мерка и за вкупната количина по видовите на продадениот добиток.

IV. Народната банка е должна пред исплатата на премијата да ја провери точноста на пресметката и потполноста на документацијата. Износот на премијата банката го одобрува во корист на жиро сметката на подносителот на барањето, а на товар на сметката бр. 339569 — Премии за продадениот гоен добиток.

Земјоделските задруги се должни кон барањето за исплата на премијата да ѝ поднесат на банката и налог за пренос на дел од признаениот износ на премијата (најмалку 50%) во својот фонд на основните средства.

Банката може, по потреба, од подносителот на барањето за исплата на премијата да бара да ја види и оригиналната документација врз основа на која се остварува премијата.

V. Земјоделските задруги се должни во своето книговодство посебно да ги искажуваат средствата примени на име премија.

Во книговодствената евиденција што ја водат земјоделските задруги во смисла на претходниот став, мора да биде посебно искажан делот од остварената премија кој според точката II став 2 од одлуката се уплатува во фондот на основните средства на задругата, како и делот кој задругата го пренесува на индивидуалниот производител ако добитокот е произведен во кооперација.

VI. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 07—2867/2—58
11 февруари 1958 година
Белград

Државен секретар за
работи на финансиите
**Авдо Хумо,** с. р.

**107.**

Врз основа на членот 7 став 3 од Уредбата за прометот на житата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/55, 3/56, 46/56, 18/57 и 31/57), сојузниот Државен секретаријат за работи на стоковниот промет, со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА ЖИТАТА И НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИТО

1. Во Наредбата за продажните цени на житата и на производите од жито („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/57) во точката 1 по ставот 1 се додаваат нови ставови 2 и 3, кои гласат:

„Износот на возарината од железничката станица Нови Сад до истоварната станица на купувачот (паритет Нови Сад) за превоз на увезената пченица и 'рж се намалува, и тоа:

до истоварната станица Грачац за 1,20 динари по кг;

до истоварната станица Госпиќ за 0,90 динари по кг;

до истоворната станица Олово за 1,00 динари по кг.

Спрема намалениот износ на возарината од претходниот став ќе се изврши и пресметување на количините на пченица и 'рж испорачани по 1 јануари 1958 година."

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 4 и 5.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 1087/1
17 февруари 1958 година
Белград

Државен секретар
за работи на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ,** с. р.

**108.**

Врз основа на членот 2 став 2 од Уредбата за царинската тарифа за стоките што граѓаните ги внесуваат односно примаат од странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/57), во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите, сојузниот Државен секретаријат за работи на стоковниот промет донесува

## ИЗМЕНА НА ЛИСТАТА НА ВРЕДНОСТИТЕ НА СТОКИТЕ

### ЗА ПРИМЕНА НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА ЗА СТОКИТЕ ШТО ГРАЃАНИТЕ ГИ ВНЕСУВААТ ОДНОСНО ПРИМААТ ОД СТРАНСТВО

1. Во Листата на вредностите на стоките за примена на царинската тарифа за стоките што граѓаните ги внесуваат односно примаат од странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/57) во редниот број 60 точката 1 под а) се менува и гласи:

„1) Машини за пишување:

а) портабл

| | | |
|---|---|---|
| — во нето тежина до заклучно 4 кг — — — — | парче | 40.000 |
| — во нето тежина над 4 кг до заклучно 6 кг — — | парче | 80.000 |
| — во нето тежина над 6 кг | парче | 120.000" |

2. Оваа измена на листата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 475/1
17 февруари 1958 година
Белград

Државен секретар
за работи на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ,** с. р.

**109.**

Врз основа на членот 22 оддел II точка 1 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56), Управата за поморство и речен сообраќај, во согласност со Секретаријатот за сообраќај и врски на Сојузниот извршен совет, пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТА НА ЧАМЦИТЕ ЗА ПЛОВИДБА

#### I. Општи одредби

Член 1

Чамците што подлежат на обврската за запишување во соодветниот очевидник можат да пловат во дозволените граници само ако е нивната способност за пловидба утврдена според одредбите од овој правилник и ако се снабдени со соодветна исправа за тоа, доколку со одредбите од овој правилник не е определено поинаку.

Член 2

Одредбите од овој правилник се применуваат на постојните чамци, на новите чамци, како и на чамците во градба.

На чамците без палуба што имаат повеќе од 10 БРТ се применуваат, во поглед на условите за способност за пловидба, прописите за утврдување на способноста за пловидба на бродовите од соодветна големина.

Во поглед на примената на одредбите од овој правилник, со чамците за стопански цели се изедначуваат и другите чамци без оглед на нивната намена, освен чамците за спорт и забава.

Врз чамците што според Уредбата за уписот на поморските бродови и кајаци на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/51) не се запишуваат во очевидници, не се применуваат одредбите од овој правилник.

Член 3

Во смисла на овој правилник се смета:

1) како постоен чамец — чамецот што на денот на влегувањето во сила на овој правилник се наоѓа во пловидба или во распрема;

2) како нов чамец — чамецот чија кобилица е поставена по стапувањето во сила на овој правилник;

3) како чамец во градба — чамецот чија кобилица е поставена пред влегувањето во сила на овој правилник, но кој на денот на неговото влегување во сила се наоѓа уште во градба, обнова или реконструкција;

4) како моторен чамец — секој чамец што има моторен погон, освен чамецот што има вонбродски мотор;

5) како лице — секое лице укрцано во чамец, вклучувајќи ја тука и посадата;

6) како патник — секое лице укрцано во чамец кое плаќа превознина.

Член 4

Со оглед на условите што според одредбите од овој правилник се бараат за утврдување на способноста на чамците за пловидба, чамците можат да бидат:

1) чамци од I категорија — чамците за стопански цели што можат да пловат во границите на крајбрежното море на ФНРЈ;

2) чамци од II категорија — чамците за стопански цели што можат да пловат на подрачјето од една или повеќе определени лучки капетании до границите на внатрешните морски води на ФНРЈ, односно на растојание од 2 наутички милји од брегот;

3) чамци од III категорија — чамците за стопански цели што можат да пловат на потесното подрачје од онаа лучка капетанија или лучка испостава кај која се запишани во очевидникот

4) чамци од IV категорија — чамците наменети за спорт и забава. Овие чамци можат да пловат во границите на лучката капетанија кај која се запишани во очевидникот, а и надвор од тие граници по претходна дозвола од лучката капетанија.

Чамците од IV категорија што ги исполнуваат условите пропишани во членот 15 став 1, чл. 33 и 40 став 1 од овој правилник можат да пловат до границите до кои можат да пловат чамците од I категорија, а оние што ги исполнуваат условите од членот 15 став 2 и членот 34 — до границите до кои можат да пловат чамците од II категорија.

Чамците што не се запишуваат во очевидници можат, не оддалечувајќи се од брегот повеќе од 1 наутичка милја, да пловат во потесното подрачје на онаа лучка капетанија или лучка испостава на чие подрачје се наоѓа престојувалиштето на водителот на чамецот, а по претходна дозвола од таа лучка капетанија односно испостава — и надвор од подрачјето на тој орган.

Член 5

Органот надлежен за издавање дозвола за пловидба на чамецот може на одделен чамец по исклучок да му дозволи проширување на границите за пловидба пропишани во членот 4 на овој правилник, ако тоа проширување не оди на штета на сигурноста за пловидба на чамецот. При издавањето на оваа дозвола можат да се определат и посебни услови што чамецот во поглед на сигурноста на пловидбата мора да ги исполнува, имајќи го предвид проширувањето на границите за пловидба на чамецот, годишното време, намената на чамецот и неговата големина.

Проширувањето на границите за пловидба според претходниот став може за сите чамци, освен за чамците што имаат лука на припадност во граничните подрачја на Југославија или во граничните подрачја на одделен лучки орган, да се одобри најмногу за три месеци. Чамците од IV категорија на кои тоа им е одобрено можат да ги преминуваат границите на крајбрежното море на ФНРЈ, а другите чамци само под услов да пловат покрај брегот.

## II. Преглед на чамците

Член 6

Со прегледот што се врши според одредбите од овој правилник се утврдува дали чамецот според својата конструкција, носивоста, опремата и според пропишаниот број на стручно оспособените членови на посадата ги исполнува условите во поглед на способноста за пловидба во границите дозволени според одредбите од овој правилник.

Член 7

Сопственикот на чамец од I или II категорија наменет за превоз на патници, како и органот на управувањето на таков чамец, кога ќе порача градба, обнова или реконструкција на чамец која може да биде од влијание врз неговата способност за пловидба, должен е пред почетокот на работите да ѝ поднесе нацрт на управата на поморската област на чие подрачје треба да се изведуваат работите. Управата на поморската област има право против нацртите да стави забелешки во поглед на способноста на чамецот за пловидба.

Ако работите бидат извршени противно на ставените забелешки, управата на поморската област може да одбие да му издаде на чамецот соодветна исправа за способноста за пловидба.

Член 8

Прегледите на чамците можат да бидат основни, редовни и вонредни.

Прегледот го врши органот надлежен за издавање на дозвола за пловидба на чамец, односно на потврда за дозволените граници и за другите услови за пловидба на чамец.

Член 9

На основен преглед подлежат сите чамци. Овој преглед се врши пред запишувањето на чамецот во очевидникот, а и по обновата или реконструкцијата на чамецот.

Член 10

На редовен преглед подлежат чамците за стопански цели, и тоа: чамците што превезуваат патници — секои 12, а другите — секои 24 месеци, сметајќи од последниот основен, редовен или вонреден преглед.

На прегледот од претходниот став не подлежат чамците од III категорија, кои не превезуваат патници.

Член 11

На вонреден преглед подлежат сите чамци. Овој преглед се врши кога постои оправдано сомневање дека чамецот не ги исполнува условите во поглед на способноста за пловидба.

Основниот или редовниот преглед се врши по барање од сопственикот или органот на управувањето на чамецот, а вонредниот — и по наоѓање на надлежната лучка капетанија.

Член 12

Ако при прегледот се најде дека чамецот има мани или недостатоци, но такви што не ја загрозуваат сигурноста на чамецот и на пловидбата, органот надлежен за издавање на дозвола за пловидба на чамец односно на потврда за границите и другите услови за пловидба, ќе ја издаде свла дозвола односно потврда, со истовремена писмена наредба на водителот на чамецот утврдените мани или недостатоци да ги отстрани во определен срок. Ако маните и недостатоците во определениот срок не бидат отстранети, ќе се одземе исправата за способноста за пловидба.

Член 13

За вршење преглед на чамецот се плаќа надоместок според тарифата што ја пропишува Секретаријатот за сообраќај и врски на Сојузниот извршен совет со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите (член 11 оддел I под б) точка 5 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата).

## III. Конструкција на чамците

Член 14

Конструкцијата на чамецот мора да им одговара на намената и на границите за пловидба во кои ќе се движи чамецот.

Член 15

Чамците од I категорија мораат да бидат наполно опалубени и нивната должина над сѐ мора да изнесува најмалку 6 метра. Таквите чамци не смеат на трупот да имаат чепови за истечување на вода од сливниците.

Чамците од II категорија мораат да бидат опалубени најмалку за 1 метар на својот прамчен дел, и нивната должина над сѐ мора да изнесува најмалку 6 метра.

Чамците од III и IV категорија не мораат да бидат опалубени.

Чамците од III категорија што превезуваат патници мораат да бидат од типот „гуц“ или „пасара“, и нивната должина над сѐ мора да изнесува најмалку 5 метра.

Одредбите од овој член не се однесуваат на рибарските чамци што влегуваат во помошен состав на риболовна екипа.

Член 16

Чамците од I и II категорија што превезуваат патници мораат да бидат моторни чамци.

Моторниот чамец што превезува патници, без оглед на категоријата, мора, ако е:

1) неопалубен — да има бокови на чамец, сметајќи од подницата до размата на чамецот, високи, и тоа:

а) 70 см — чамецот до 6 м должина;
б) 80 см — чамецот од 8—10 м должина;
в) 90 см — чамецот над 10 м должина.

Чамецот чии бокови се пониски од боковите определени во претходниот став мора да има ограда до определена височина;

2) опалубен делумично или со наполно затворена палуба — да има ограда на опалубениот дел висока 0,80 м, со тоа растојанието меѓу хоризонталните пречки да не преминува 20 см, освен ако постои соодветна цврста мрежа.

Член 17

Кај сите моторни чамци од I и II категорија, како и кај чамците од III категорија, што превезуваат патници, просторот на моторот мора да биде одделен со преграда од просторот наменет за лица и товар.

Преградата мора да биде непропустлива и изработена од челик или железо, а ако е од дрво, страната спрема моторот мора да биде обложена со лим.

Подницата на чамците од ставот 1 на овој член мора во просторот на моторот да биде од ребрасто железо или од дрво обложено со лим.

На постојните чамци од II и III категорија одредбите од овој член ќе се применат само ако конструкцијата на чамецот го допушта тоа.

Одредбите од овој член не се применуваат на рибарските чамци.

Член 18

На моторен чамец со бензински погон влезната цевка за доведување воздух во карбураторот мора да има жичана мрежа, така што да нема опасност од пожар во случај на исфрлување пламен од карбураторот.

Под карбураторот мора да се наоѓа сад со грло тесно како инка, за да се спречи истечување на горивото по чамецот кога моторот ќе се запре.

Член 19

Просторот под палубата во кој е сместен моторот или танкот со течно гориво мора да биде достаточно проветрен, за да се спречи прибирање на гас во него, без оглед дали се употребува тешко или лесно течно гориво.

Ако во просторот на моторот се наоѓа мотор на бензин (главен или помошен), во тој простор не смее да се наоѓа никаква постројка што може да предизвика искри или отворен пламен.

Водовите на акумулаторот и на генераторот мораат да бидат исправно изолирани и добро заштитени од влага.

Член 20

Садот со компримиран воздух за ставање на моторот во погон мора да има свидетелство за исправноста, што го издава Југословенскиот регистар на бродовите.

Член 21

Маторниот чамец, ако е тоа технички изводливо, треба да има собирен сливник под моторот, во кој се прибира искористеното масло или течното гориво од моторот, и од кој маслото или течното гориво може да се црпе по пат на рачен или механички уред.

Член 22

За да се избегне опасноста од пожар, уредот за полнење на танковите мора да биде наместен така што да оневозможува разливање на течното гориво по чамецот.

Ако танкот се полни преку палубата, отворот на палубата мора да биде заштитен со парче лим, во достаточен пречник и така наместено, што да е оневозможено разлевањето на течното гориво по палубата.

Член 23

Подниците на чамецот мораат да бидат поставени и составени така што да можат лесно да се отстранат со цел за чистење и за потребни прегледи.

Член 24

Чамците од I и II категорија наменети за превоз на патници не смеат да превезуваат патници на патување што трае непрекидно подолго од 4 часа ако немаат хигиенски уреден клозет. Клозетот мора да има одводен цевовод кој овозможува добро и сигурно исплакнување, и мора да биде добро вентилиран.

Член 25

Одредбите од чл. 14 до 24 од овој правилник нема да се применуваат на постојните чамци од III и IV категорија, а ниту на постојните чамци од I и II категорија, ако нивната примена би била технички неизводлива или ако чамецот, според оценката на органот надлежен за издавање на дозвола за пловидба на чамец, дава достаточна гаранција за својата сигурност и без примена на овие одредби.

## IV. Носивост на чамците

Член 26

Чамецот не смее да превезува поголем број лица или поголема количина товар отколку што допушта неговата носивост.

Наместо определениот број лица чамецот може да укрца и определена количина товар, со тоа за секое лице да се смета по 75 кг товар.

Член 27

Носивоста на чамецот се утврдува со надвоѓето.

Надвоѓето изнесува, и тоа: за чамците од I категорија што превезуваат патници — 2 см за секој метар должина на чамецот, а за сите други чамци — 1 см за секој метар должина на чамецот.

Надвоѓето на чамецот се мери вертикално на боковите на чамецот на средината од неговата должина, и тоа: кај опалубените и со надграѓе затворени чамци — од горниот раб на цртата на палубата до горниот раб на товарната црта, кај неопалубените или делумично опалубени чамци — од горниот раб на клупите (седалиштата) до горниот раб на товарната црта.

На чамците од I и II категорија надвоѓето им се означува на оплата од чамецот, а на чамците од III и IV категорија надвоѓето не им се означува.

Одредбите од овој член не се применуваат на рибарските чамци.

## V. Превоз на лица

Член 28

За секој чамец што превезува патници и други лица мора да се утврди бројот на лицата што чамецот смее да го превезува. Ова се утврдува на тој начин што чамецот ќе се оптовари така товарот да се распореди по должината на чамецот. Притоа за секое лице се смета 75 кг, не засметувајќи ја тежината на запасите и на погонското гориво.

Две деца од 1—10 години возраст се сметаат како едно лице, а децата под една година не се земаат предвид.

Член 29

Бројот на лицата кој чамецот смее да го превезува го определува органот што издава дозвола за пловидба на чамец. Ова се определува на тој начин што:

1) кај опалубените чамци за секое лице ќе се определи 0,50 м² слободна површина на палубата или под палубата. Како слободна површина во смисла на оваа точка се подразбира просторот по кој лицата без опасност можат да се движат. Под палубата се смета само просторот уреден за сместување на лица;

2) кај неопалубените чамци за секое лице ќе се определи 0,50 м должина на седалиштето, а кај чамците од IV категорија — 0,40 м должина на седалиштето.

Ако со укрцувањето на бројот на лицата што чамецот смее да го превезува, пресметан според претходниот став, чамецот би се нурнал преку линијата за нурнување определена со надвоѓето, бројот на лицата кој чамецот смее да го превезува ќе се намали толку што со неговото укрцување чамецот да не се нурне преку таа линија.

Член 30

Чамците за превоз на патници мораат на боковите од внатрешната страна во средината на чамецот да го имаат напишано најголемиот дозволен број на лица што чамецот смее да го превезува, и тоа со боја што се разликува од бојата на чамецот, а со цифри и букви големи најмалку 10 см

Член 31

Чамецот наменет за превоз на патници мора да има пристоен надворешен изглед, да е чисто бојосан и уредно одржуван.

Член 32

Органот надлежен за издавање на дозвола за пловидба на чамец може, со цел за заштита на сигурноста на пловидбата на чамецот, да го намали бројот на лицата или количината на товарот што чамецот според одредбите од чл. 26—29 на овој правилник смее да го превезува.

При донесувањето на решение од претходниот став мораат да се оценат сите околности од влијание врз сигурноста на пловидбата на чамецот (конструкцијата, стабилноста и намената на чамецот, границите на пловидбата, годишното време и сл.).

## VI. Опрема на чамците

Член 33

Чамците од I категорија мораат да имаат:

1) едно сидро, чија тежина, според големината и намената на чамецот, ја определува органот што издава дозвола за пловидба на чамец;

2) 50 м сидрен синџир или конoп во дебелина што и' одговара на тежината на сидрото;

3) столб за врзување на сидрениот синџир односно конoп, или сидрен вител;

4) една резервна рачна руда, ако кормиларењето се врши со помош на кормиларски уред;

5) една рачна пумпа за црпење на сливниците;

6) една светилка за бело јарболско светло;

7) една светилка за секое бочно светло, сместена на пропишани засолништа;

8) една светилка што дава бела светлина видлива од сите страни (луњска светилка);

9) два конопа за врзување, во обем од најмалку 75 мм, во вкупна должина од најмалку 50 м, од кои едниот мора да биде долг најмалку 20 м;

10) две весла во соодветна должина, со 4 палца или гатали;

11) еден рачен апарат за почетно гаснење на пожар со пена (екстинтер), со содржина од најмалку 9 л;

12) еден сандак со песок, со содржина 20 дм³, со лопата за расфрлување на песок;

13) еден англиски клуч, еден чекан, едни комбинирани клешти, еден извивач, еден клуч за свеќички или за распрскувачи и една мачкалка за масло;

14) издувувач на моторот, обложен со изолатор;

15) еден магнетски компас со петролско светло;

16) поморски карти на источниот брег на Јадранското Море и попис на светилниците;

17) еден шестар и два триаголници или паралели;

18) еден рог за магла;

19) една закачалка;

20) едно котле со црпалка;

21) една кутија со прибор за прва помош;

22) два кибрита во непропустлива обвивка;

23) Правилник за редот во луките;

24) Правилник за одбегување судрувања на море.

Чамците чии светилки пропишани со овој член се — електрични, за секоја светилка мораат да имаат по еден резервен петролски уметок.

Чамецот на јадра не мора да има опрема наведена во ставот 1 точ. 6, 11, 12, 13 и 14 од овој член. Јадрото мора да има две раце подврски.

Рибарските чамци не мораат да имаат опрема наведена во ставот 1 точ. 15, 16 и 17 од овој член.

Член 34

Чамците од II категорија мораат да имаат:

1) едно сидро, чија тежина според големината и намената на чамецот ја определува органот што издава дозвола за пловидба на чамец;

2) 50 м сидрени синџир или конoп во дебелина што и' одговара на тежината на сидрото;

3) столб за прицврзување на сидрениот синџир односно конoп, или сидрен вител;

4) една резервна рачна руда, ако кормиларењето се врши со помош на кормиларски уред;

5) една светилка за бело светло на јарболот;

6) по една светилка за секое бочно светло, сместена на пропишани засолништа. Наместо две бочни светилки, чамецот може да има една комбинирана светилка;

7) една светилка што дава бела светлина видлива од сите страни (луњска светилка);

8) два конопа за врзување, во вкупна должина од најмалку 30 м, од кои едниот мора да биде долг најмалку 10 м;

9) две весла во соодветна должина, со 4 палца или чатали;

10) едно котле со црпалка;

11) една закачалка;

12) еден рачен апарат за почетно гаснење на пожар со пена (екстинтер), со содржина од најмалку 3 л;

13) еден сандак со песок, со содржина 20 дм³, со лопата за расфрлување на песок;

14) еден кибрит во непропустлива обвивка.

Чамците на јадра не мораат да имаат опрема наведена во ставот 1 точ. 5, 12 и 13 од овој член. Јадрото мора да има две раце подврски.

Чамците чии светилки пропишани со овој член се — електрични, мораат за секоја светилка да имаат по еден резервен петролски уметок.

Член 35

Чамците од III и IV категорија мораат да имаат:

1) два весла во соодветна должина, со 3 палца или гатали;

2) еден резервен чеп;

3) една црпалка;

4) конoп долг 10 м;

5) една светилка што дава бела светлина видлива од сите страни;

6) еден кибрит во непропустлива обвивка.

Ако е чамецот подолг од 6 м и има мотор од преку 5 КС, тој мора да има, покрај опремата од претходниот став, и опрема наведена во членот 34 став 1 точ. 5, 6 и 13 од овој правилник.

Член 36

Чамците од I категорија мораат да имаат по еден појас за спасување за секое лице укрцано на чамецот.

Чамците од I и II категорија што превезуваат патници мораат да имаат еден диск за спасување со конoп долг најмалку 27 ½ метра.

Појасите и дисковите за спасување мораат да бидат така сместени на чамецот, што секогаш да се приготвени за употреба и на дофат на лицата во чамецот.

Член 37

Чамецот што има склад за превоз на стоки мора да има најмалку едно восочно платно за покривање на бродот, со кое може гротлото сигурно да се затвори.

Член 38

Во чамецот не смеат да се држат отворени садови со течно гориво, освен садот кој може да содржи само мала количината течно гориво за пуштање на моторот во погон.

Член 39

Чамците од I и II категорија што превезуваат патници, а чие патување трае непрекинато подолго од 4 часа, мораат да имаат доволна количина вода за пиење за сите лица на бродот, сместена во хигиенски садови од кои водата ќе се црпе на хигиенски начин.

## VII. Посада на чамците

Член 40

Секој чамец мора да има водител, кој треба физички да е способен да управува со чамецот.

Освен водителот, чамецот од I категорија мора да има уште еден член на посада.

Органот надлежен за издавање на дозвола за пловидба на чамец може, имајќи ги предвид сите

околности што се од влијание врз сигурноста за пловидба на чамецот (конструкцијата, големината и намената на чамецот, видот на погонот, границите на пловидбата, годишното време и сл.), да определи и чамецот од II категорија покрај водителот да има уште еден член на посада.

Одредбата од претходниот став се применува и на чамците од IV категорија на кои според членот 4 став 2 од овој правилник им е дозволено проширување на границите за пловидба.

Член 41

Водителите на сите чамци од I категорија, освен рибарските, како и на чамците од II категорија што превезуваат патници, мораат да имаат квалификација на самостоен морнар.

Водителите на рибарските чамци од I категорија, на чамците од II категорија што не превезуваат патници, на чамците од III категорија што превезуваат патници и на чамците од IV категорија на кои според одредбите од овој правилник им е дозволено проширување на границите за пловидба (член 4 став 2 и член 5), мораат да бидат способни да управуваат со овие чамци.

Способноста за управување со чамците од претходниот став се докажува со потврда што ја издава лучката капетанија месно надлежна според запишувањето на чамците, а врз основа на претходното практично испитување на кандидатот.

Член 42

Чамецот од I и II категорија, како и од III категорија ако превезува патници, кој има мотор од над 10 КС мора да има лице што има квалификации за управувањето со мотор од односната јачина.

Должноста на моторист може да ја врши и водителот на чамецот ако има пропишани квалификации, освен ако органот што издава пловидбена дозвола не утврди дека управувањето со чамецот и со моторот не може истовремено да го врши исто лице.

Член 43

Чамците чии водители врз основа на членот 41 од овој правилник мораат да имаат квалификација на самостоен морнар, мораат да имаат попис на посадата.

Членовите на посадата на чамците од претходниот став мораат да имаат поморска книшка или дозвола за укрцување.

Член 44

За чамецот чија способност за пловидба по извршениот преглед е утврдена според одредбите од овој правилник, се издава соодветна исправа за способноста за пловидба, и тоа:

1) дозвола за пловидба на чамец — за чамците од I и II категорија;

2) потврда за дозволените граници и за другите услови за пловидба што се внесуваат во листот за очевидност — за чамците од III и IV категорија.

Член 45

Дозволата за пловидба на чамец ја издава лучката капетанија надлежна според местото на запишувањето.

Потврдата за дозволените граници и за другите услови за пловидба ја запишува во листот за очевидност на чамецот поморско-управниот орган надлежен за запишување на чамецот во очевидникот.

Член 46

Дозволата за пловидба на чамец содржи:

1) назив на органот што ја издава дозволата;

2) реден број, место и датум на издавањето на дозволата;

3) ознака и име, ако го има чамецот, како и лука на припадност на чамецот;

4) категорија на чамецот;

5) бруто и нето регистарска тонажа;

6) фамилијарно и родено име на сопственикот и негово живеалиште, односно назив или фирма на органот на управувањето и негово седалиште;

7) дозволени граници за пловидба;

8) намена на чамецот;

9) фамилијарно и родено име на водителот;

10) утврдено надвоѓе во милиметри;

11) дозволен најголем број лица односно количина товар која чамецот смее да ја превезува;

12) дозволен најголем број на патници;

13) податоци за платената премија за осигурување, за траењето на осигурувањето и за условите на осигурувањето — за чамецот што превезува патници;

14) број на членовите на посадата и евентуално пропишани нивни квалификации;

15) попис на минималната опрема;

16) евентуални особени услови под кои е издадена дозволата;

17) срок за важење на дозволата.

Член 47

Потврдата за границите и за другите услови за пловидба мора да содржи: дозволени граници за пловидба на чамецот, најголем број лица односно количина на товар што чамецот смее да ја превезува, како и попис на опремата.

Член 48

Дозволата за пловидба на чамец односно потврдата за границите и за другите услови за пловидба му се издава на водителот на чамецот за чамец што превезува патници и товар за стопански цели. Кон барањето со кое се бара издавање на дозвола односно на потврда треба да се приложи дозвола од органот на управата надлежен за работите на поморското стопанство на општинскиот народен одбор за вршење на бараната стопанска дејност, а за превоз на патници и потврда дека сопственикот платил премија за осигурување на патниците во смисла на важечките прописи.

Член 49

Дозволата за пловидба на чамецот и листата за очевидност секогаш мораат да се наоѓаат на чамецот што плови.

Член 50

Важењето на дозволата за пловидба на чамецот трае најдолго две години, а кај чамците што превезуваат патници — најдолго една година.

Дозволата за пловидба на чамецот престанува да важи и кога ќе настапи некој настан поради кој се измениле фактите врз основа на кои е издадена дозволата.

Чамецот од III категорија што не превезува патници и чамецот од IV категорија имаат право да пловат според условите наведени во листот за очевидност додека не настапат околностите поради кои чамецот престанува да биде способен за пловидба во дозволените граници.

Член 51

На чамците што бараат привремено проширување на границите за пловидба (член 5 од овој правилник) органот надлежен за издавање на дозвола за пловидба им издава привремена дозвола за пловидба.

Член 52

Органот надлежен за издавање на дозволи за пловидба на чамец води евиденција за издадените исправи за способноста за пловидба.

## IX. Надзор

Член 53

Лучката капетанија односно испостава врши надзор над сигурноста на чамците за пловидба, испитува дали чамците имаат исправа за способноста за пловидба и проверува дали е состојбата на чамците во согласност со односните исправи.

Член 54

Ако при вршењето на надзор врз основа на одредбите од претходниот член лучкиот орган утврди на чамецот мани и недостатоци, ќе му нареди на водителот на чамецот да ги отстрани. Ако маните и недостатоците се такви што да не можат да се отстранат веднаш, а не ја загрозуваат сигурноста на чамецот, на лицата или на товарот на чамецот, лучкиот орган ќе му го определи на водителот на чамецот срокот за отстранување на овие мани и недостатоци. Овој срок, по правило,

не може да биде подолг од еден месец. Ако во определениот срок утврдените мани и недостатоци не бидат отстранети, на чамецот можат да му бидат одземени исправите за способноста за пловидба.

Ако маните и недостатоците се такви што да ја загрозуваат сигурноста на чамецот, на лицата или на товарот на чамецот, лучкиот орган ќе му ги одземи на чамецот исправите за способноста за пловидба, за што ќе донесе писмено образложено решение.

Органот што на чамецот му ги одзел исправите за способноста за пловидба е должен да го извести за тоа органот што ги издал тие исправи.

### X. Казнени одредби

Член 55

За поморски прекршок ќе се казни со парична казна до 10.000 динара лице:

1) што плови со чамец без пропишана посада или без пропишана опрема;

2) што укрцува повеќе лица или товар отколку што е дозволено;

3) што ќе ги пречекори дозволените граници за пловидба во кои чамецот смее да се движи;

4) што на кој и да е начин ќе доведе во опасност туѓ брод или чамец или свој чамец, односно што ќе ги доведе во опасност лицата или товарот на овие пловни објекти.

Член 56

За поморски прекршок ќе се казни со парична казна до 6.000 динари лице што плови со чамец без исправи пропишани во членот 49 од овој правилник.

Член 57

За поморски прекршок ќе се казни со парична казна до 2.000 динари лице:

1) што нема на чамецот пропишани исправи (член 49 од овој правилник);

2) што нема на чамецот напишан дозволен број лица кој чамецот смее да го превезува;

3) што, противно на членот 31 на овој правилник, чамецот наменет за превоз на патници го држи во неуредна состојба.

### XI. Преодни и завршни одредби

Член 58

Лицата што на денот на објавувањето на овој правилник вршеле работи на водител на чамец, можат и натаму да ги вршат тие работи во границите во кои досега ги вршеле, и без квалификација на самостоен морнар, односно без испитувањето предвидено во членот 41 став 3 на овој правилник.

На лицата наведени во ставот 1 од овој член што вршеле работи на водител на чамците за чиј водител се бара според овој правилник квалификација на самостоен морнар, ќе им издаде надлежната лучка капетанија, на нивно барање, потврда за правото да ги вршат овие работи. Оваа потврда дава право на вршење работи на водител на чамец во границите наведени во потврдата. Укрцувањето на овие лица на чамецот се врши врз основа на дозвола за укрцување.

Член 59

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 05—482/1—1958
4 февруари 1958 година
Белград

Директор
на Управата за поморство и речен сообраќај,
**Мирослав Драгустин**, с. р.

## 110.

Врз основа на членот 152 став 2 точка 1 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57), Сојузниот хидрометеоролошки завод, во согласност со Сојузниот извршен совет пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЗВАЊАТА НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ОД ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА СЛУЖБА

### I. Звања

Член 1

За службениците што во органите на хидрометеоролошката служба вршат хидрометеоролошки работи постојат звањата:

1) метеоролошки набљудувач и хидролошки набљудувач;

2) метеоролошки техничар и хидролошки техничар;

3) виши метеоролошки техничар и виши хидролошки техничар;

4) метеоролог и хидролог.

За звањата метеоролошки набљудувач и хидролошки набљудувач потребна е нижа стручна спрема, за звањата метеоролошки техничар и хидролошки техничар — средна стручна срема, за звањата виши метеоролошки техничар и виши хидролошки техничар — виша стручна спрема, а за звањата метеоролог и хидролог — висока стручна спрема.

Звањата од точката 1 на ставот 1 на овој член се звања од четврта група, звањата од точката 2 — од трета група, звањата од точката 3 — од втора група, а звањата од точката 4 — од прва група.

Член 2

Звањата од членот 1 на овој правилник се распоредуваат во следните платни разреди:

| Звање | | | |
|---|---|---|---|
| 1) метеоролошки набљудувач и хидролошки набљудувач | XIX | до | XII |
| 2) метеоролошки техничар и хидролошки техничар | XV | " | VIII |
| 3) виши метеоролошки техничар и виши хидролошки техничар | XIII | " | VI |
| 4) метеоролог и хидролог | XI | „ | V |

Службениците во звањето метеоролошки набљудувач или хидролошки набљудувач што имаат два класа соодветно средно училиште се распоредуваат почнувајќи од XVIII платен разред.

Во XII платен разред на звањата метеоролошки техничар и хидролошки техничар, во X платен разред на звањата виши метеоролошки техничар и виши хидролошки техничар и во IX платен разред на звањата метеоролог и хидролог постојат по четири периодски покачувања, а во завршните платни разреди на тие звања, како и во XII платен разред на звањата метеоролошки набљудувач и хидролошки набљудувач — по две периодски покачувања.

Член 3

За унапредување на метеоролошки техничар и хидролошки техничар во XI платен разред, виши метеоролошки техничар и виши хидролошки техничар во IX платен разред и метеоролог и хидролог во VIII платен разред важат соодветните одредби од Законот за јавните службеници за унапредувањето на приправ во звањето референт од трета група, за референт од втора група во звањето виши референт од втора група и на референт од прва група во звањето виши референт од прва група.

За унапредување на метеоролог и хидролог во звањето советник важат соодветните одредби од Законот за јавните службеници што се однесуваат на службениците од државната управа.

Член 4

За службениците што вршат хидрометеоролошки работи во сé друго важат одредбите од Законот за јавните службеници што се однесуваат на службениците од државната управа.

### II. Преодни и завршни одредби

Член 5

Службениците што се наоѓаат на шестомесечен курс односно на шестомесечна пракса за звањето метеоролошки набљудувач односно хидролошки набљудувач, по завршниот курс и положениот завршен испит односно по завршената пракса и положениот стручен испит го добиваат звањето метеоролошки набљудувач односно хидролошки набљудувач.

Службениците што се затекнале во звањето метеоролошки набљудувач или хидролошки набљудувач со прво периодско покачување на XVII платен разред, ако немаат положен стручен испит за звањето метеоролошки надзорник, односно хидролошки надзорник, со 1 јануари 1958 година го добиват XVI платен разред.

Член 6

Службениците што се затекнале во звањето метеоролошки надзорник или хидролошки надзорник, го добиваат звањето метеоролошки набљудувач или хидролошки набљудувач и го задржуваат досегашниот платен разред.

Службениците што се затекнале во звањето од претходниот став со прво периодско покачување на XIV платен разред, го добиваат XIII платен разред. Времето поминато со досегашното периодско покачување се смета за добивање на XII платен разред.

Службениците што се затекнале во звањето метеоролошки техничар или хидролошки техничар што имаат соодветна виша школа го добиваат звањето виши метеоролошки техничар односно виши хидролошки техничар и се распоредуваат во платните разреди според членот 399 став 2 од Законот за јавните службеници.

Член 7

Во поглед на исправката на преведувањето, ќе се применат одредбите од чл. 425 и 426 на Законот за јавните службеници.

Член 8

Од 1 јануари 1958 престанува да важи Правилникот за звањата и платите на службениците од хидрометеоролошката струка запослени во хидрометеоролошката служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/52).

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година.

Бр. 3058/1
3 јануари 1958 година
Белград

Директор
на Сојузниот хидрометеоролошки завод,
инж. **Милисав Перовиќ**, с. р.

## 111.

Врз основа на членот 360 став 3 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57), Извршниот одбор на Собранието на Сојузниот завод за социјално осигурување, во согласност со Сојузниот извршен совет, пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ ВО ПЛАТНИ РАЗРЕДИ НА ПОЛОЖАИТЕ НА ДИРЕКТОРИТЕ НА ОКОЛИСКИТЕ И НА ОБЛАСНИОТ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Положаите на директорите на околиските и на Обласниот завод за социјално осигурување се распоредуваат од IX до III платен разред, според бројот на осигурениците и бројот на уживателите на инвалиднини и пензии (во натамошниот текст: осигуреници), и тоа:

1) положајот директор на околиски завод за социјално осигурување:

а) со помалку од 10.000 осигуреници — во IX или VIII платен разред;

б) со над 10.000 до 20.000 осигуреници — во VIII или VII платен разред;

в) со над 20.000 до 40.000 осигуреници — во VII или VI платен разред;

г) со над 40.000 до 70.000 осигуреници — во VI или V платен разред;

д) со над 70.000 до 100.000 осигуреници — во V или IV платен разред;

ѓ) со над 100.000 осигуреници — во IV или III платен разред;

2) положајот директор на обласниот завод за социјално осигурување — во III платен разред.

При определувањето на платниот разред во границите од членот 1 ќе се земе предвид обемот на работите на определен завод.

Ако е поповолно за директорот на заводот, ќе му се определи платниот разред според звањето и годините на службата во смисла на членот 67 став 2 од Законот за јавните службеници.

Член 3

Платниот разред во кој се распоредува положајот на директор на околиски завод го определува извршниот одбор на собранието на околискиот завод врз основа на просечниот број на осигурениците во текот на претходната година.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година.

Бр. 811/1
18 јануари 1958 година
Белград

**Сојузен завод за социјално осигурување**

Директор,
**Зденко Хас**, с. р.

Претседател,
**Илија Дошен**, с. р.

## 112.

Врз основа на членот 32 став 1 точка 8 од Уредбата за давање потрошувачки кредити на работниците, службениците и другите определени категории корисници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/55 и 18/57) и членот 2 оддел I под а) точка 37 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56), во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите, Народната банка пропишува

### УПАТСТВО
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД ВО КОЈ МОЖАТ ДА СЕ ДАВААТ ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ ЗА КУПУВАЊЕ НА ОГРЕВ

1. Потрошувачки кредити за купување на јаглен ќе даваат банките и штедилниците од 1 март до заклучно 30 јуни 1958 година, во смисла на одредбите од Уредбата за давање потрошувачки кредити на работниците, службениците и другите определени категории корисници, и тоа:

1) на работниците и службениците — преку претпријатие (надлештво, установа, организација) во кое се запослени;

2) на другите категории корисници од членот 3 на уредбата — непосредно;

3) на работниците, службениците и другите определени категории корисници од членот 8 на уредбата, што живеат во згради со централно греење — преку кукни совети, а со потврда од станбената заедница.

2. Барираните чекови издадени по основот на овие кредити можат да се користат за време од 3 месеци од денот на нивното издавање.

3. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

О. бр. 12
14 февруари 1958 година
Белград

Гувернер
на Народната банка на ФНРЈ,
**Војин Гузина**, с. р.

---

**113.**

Врз основа на членот 21 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), а во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите, Југословенската инвестициона банка донесува

## ИЗМЕНА НА XVIII КОНКУРС

### ЗА ДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ЗАЕМИ ОД СРЕДСТВАТА НА ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО ВО 1957 И 1958 ГОДИНА

1. Во XVIII Конкурс за давање инвестициони заеми од средствата на Општиот инвестиционен фонд за инвестиции во селското стопанство во 1957 и 1958 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 41/56, 52/56 и 41/57) точката XXIII се менува така што да гласи:

„XXIII. Според овој конкурс барањата за заеми ќе се примаат до 28 февруари 1958 година заклучно.

Барањата за заеми што се однесуваат на инвестициите во селското стопанство на подрачјето на Автономната Косовско-метохиска Област можат да се поднесуваат и по скрокот од претходниот став, сѐ додека Југословенската инвестициона банка не го запре нивното примање."

2. Оваа измена влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

О. бр. 143
20 февруари 1958 година
Белград

**Југословенска инвестициона банка**

Го застапува
Генералниот директор
Помошник,
**Б. Ињац**, с. р.

Претседател
на Управниот одбор,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**114.**

Врз основа на членот 39 од Основниот закон за заштитата на растенијата од болести и штетници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54), Сојузната управа за заштита на растенијата објавува

## СПИСОК

### НА ХЕМИСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ЗА КОИ Е ИЗДАДЕНА ДОЗВОЛА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Сојузната управа за заштита на растенијата издаде од 16 август 1957 до 12 февруари 1958 година дозволи за пуштање во промет на следните хемиски средства за заштита на растенијата:

| | |
|---|---|
| 1) Aaphythora | Производува Aagrunol, Chemische Fabrick — Groningen. Застапник »Commerce«, Љубљана. Број на постојаната дозвола 2907 од 22 ноември 1957 година; |
| 2) Albolineum | Производува Plant Protection Ltd., London. Застапник »Interexport«, Белград. Број на дозволата 2895 од 21 ноември 1957 година; |
| 3) Cerelin | Производува „Плива", фабрика на фармацеутски и хемиски производи, Загреб. Број на дозволата 2897 од 21 ноември 1957 година; |
| 4) CuSul | Производува Riedel de Haen, Seelze bei Hannover. Застапник »Commerce«, Љубљана Број на дозволата 2912 од 22 ноември 1957 година; |
| 5) Deherban forte | Производува „Плива", фабрика на фармацеутски и хемиски производи, Загреб. Број на дозволата 2909 од 22 ноември 1957 година; |
| 6) Diazinon-5 (прскало) | Производува „Пинус", фабрика на хемиски производи, Раче кај Марибор. Број на дозволата 2913 од 22 ноември 1957 година; |
| 7) Dikofag MCPA | Производува Farbwerke Hoechst A. G. Frankfurt/Main. Застапник „Југохемија", Белград, Број на дозволата 2894 од 21 ноември 1957 година; |
| 8) Duphar Tedion V-18 | Производува N. V. Philips-Roxane, Амстердам. Застапник »Philips«, техничко претставништво, Белград. Број на дозволата 3323 од 31 декември 1957 година; |
| 9) Etiol | Производува „Галеника", фабрика на фармацеутски и хемиски производи, Земун. Број на дозволата 2899 од 21 ноември 1957 година; |
| 10) Fosferno-50 | Производува Plant Protection Ltd., London. Застапник »Interexport«, Белград. Број на дозволата 2911 од 22 ноември 1957 година; |
| 11) Gamadin 10 | Производува Хемиска индустрија „Зорка", Шабац. Број на дозволата 2914 од 22 ноември 1957 година; |
| 12) Kupfer-kumulus | Производува Badische Anilin Soda Fabrick - Ludwigshafen. Застапник »Chemcolor«, Загреб. Број на дозволата 3331 од 31 декември 1957 година; |
| 13) Lindan S-25 | Производува »Chromos«, хемиска индустрија, Загреб. Број на дозволата 2898 од 21 ноември 1957 година; |
| 14) Orthocide-50 | Производува California Spray Chemical Corporation USA. Застапник »Alfa«, надворешнотрговско претпријатие, Белград. Број на дозволата 2900 од 21 ноември 1957 година; |
| 15) Paraphos 40 | Производува Pest Control Ltd., Bourn-Cambridge. Застапник »Philips«, техничко претставништво, Белград. Број на дозволата 2896 од 21 ноември 1957 година; |
| 16) P-59 | Производува „Плива", фабрика на фармацеутски и хемиски производи, Загреб. Број на дозволата 3332 од 31 декември 1957 година; |

| | |
|---|---|
| 17) ТАВР 38 концентрација 1 : 1,5 | Произведува Pest Control Ltd., Bourn-Cambridge. Застапник »Philips«, техничко претставништво, Белград. Број на дозволата 2990 од 3 декември 1957 година; |
| 18) Terra sytam | Произведува Murphy Chemical Company Ltd., Wheathampstead. Застапник »Commerce«, Љубљана. Број на дозволата 2908 од 22 ноември 1957 година; |
| 19) U-46-Combi-fluid | Произведува Badische Anilin Soda Fabrick, Ludwigshafen. Застапник »Chemcolor«, Загреб. Број на дозволата 2910 од 22 ноември 1957 година; |
| 20) Kupfer-sandoz | Произведува Sandoz A. G. Basel. Застапник „Велебит", Загреб. Број на привремената дозвола 678 од 21 ноември 1957 година; |
| 21) Kupfer-sandoz-spezial | Произведува Sandoz A. G. Basel. Застапник „Велебит", Загреб Број на привремената дозвола 677 од 21 ноември 1957 година; |
| 22) Lirocuprox | Произведува G. Ligtermoet & Zoon, Rotterdam. Застапник »Alfa«, надворешнотрговско претпријатие, Белград. Број на привремената дозвола 3327 од 31 декември 1957 година; |
| 23) „M-52" во прав | Произведува Schering A. G., Berlin West. Застапник „Машинокомерц", Белград. Број на привремената дозвола 3330 од 31 декември 1957 година; |
| 24) Oleocuivre | Произведува UCLAF — Paris. Застапник »Alfa«, надворешнотрговско претпријатие, Белград. Број на привремената дозвола 3326 од 31 декември 1957 година; |
| 25) Spersul | Произведува Plant Protection Ltd., London. Застапник »Interexport«, Белград. Број на привремената дозвола 3328 од 31 декември 1957 година. |

Бр. 02/3—459/1
11 февруари 1958 година
Белград

**Директор**
на Сојузната управа за заштита
на растенијата,
**инж. Србољуб Тодоровиќ**, с. р.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет, објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/58, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Во членот 1 точка 12 став 2 на крајот од текстот место „15%" треба да стои „29%".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 13 февруари 1958 година.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи, објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/58, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ

Во точката I под редниот број 2) по зборовите: „Мрамор Брдо" треба да се стави запирка и испуштените зборови „Дуго Село".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 13 февруари 1958 година.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации, објавен во македонското издание на „Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/57, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА НОРМИТЕ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во одделот I точка 33 под а) наместо „1,4" треба да стои „1,8".

Од Сојузниот извршен совет, 13 февруари 1958 година, Белград.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации, објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/58, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА НОРМИТЕ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

На крајот од точката 6 наместо зборот: „ладилници," треба да стојат зборовите: „ладилници, силоси и механизирани складови".

Од Сојузниот извршен совет, 20 февруари 1958 година, Белград.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Списокот на селскостопанските машини, справи и уреди на кои се однесува регресот, кој е составен дел на Одлуката за давање регрес при купувањето на опрема и резервни делови за потребите на селкото стопанство, објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/58, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА СПИСОКОТ НА СЕЛСКОСТОПАНСКИТЕ МАШИНИ, СПРАВИ И УРЕДИ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА РЕГРЕСОТ

Во точката XVI под бројот 8 во колоната: „Износ на регресот во 000 динари" наместо „80" треба да стои „140".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 15 февруари 1958 година.

# УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од Државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

## ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДНИОТ И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА

I

Се отповикува

Салко Фејиќ од должноста извонреден и ополномошен амбасадор на ФНРЈ во Кралството Холандија.

II

Се назначува

Бранко Драшковиќ досегашен началник на Одделението за печат и информации во Државниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномошен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Кралството Холандија.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 4
4 февруари 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 51 од 31 декември 1957 година објавува:

**Указ** за прогласување на Општествениот план за стопанскиот развој на НР БиХ од 1957 до 1961 година;

**Одлука** за привремено финансирање на потребите според Буџетот на НР БиХ за јануари 1958 година.

Во бројот 1 од 7 јануари 1958 година објавува:

**Одлука** за распуштање на Народното собрание на НР БиХ од III свикување;

**Одлука** за продолжување работата на заедничките органи од обата дома на Народното собрание на НР БиХ и по неговото распуштање;

**Одлука** за продолжување работата на Мандатно-имунитетниот одбор на Републичкиот собор;

**Одлука** за продолжување работата на Мандатно-имунитетниот одбор на Соборот на производителите;

**Одлука** за распишување избори на народни пратеници за Републичкиот собор и за Соборот на производителите на Народното собрание на НР Босна и Херцеговина;

**Одлука** за определување вкупниот број на народни пратеници што се избираат за Републичкиот собор и за Соборот на производителите на Народното собрание на НР Босна и Херцеговина;

**Одлука** за поделба на територијата на НР Босна и Херцеговина на изборни околии за изборите на народни пратеници за Републичкиот собор на Народното собрание на НР БиХ што ќе се одржат на 23 март 1958 година;

**Одлука** за определување подрачјата на изборните околии за изборите на народни пратеници за Соборот на производителите на Народното собрание на НР БиХ што ќе се одржат на 26 и 27 март 1958 година;

**Решение** за именување изборна комисија на НР БиХ;

**Упатство** за извршување на одделни одредби од Законот за правата и должностите, избирањето и отповикот на народните пратеници;

**Одлука** за изборните обрасци за избирање и отповик на народни пратеници;

**Решение** за именување околиски изборни комисии за спроведување на изборите за републички народни пратеници;

**Решение** за определување околиските изборни комисии надлежни за спроведување на изборите на народни пратеници за Соборот на производителите на Народното собрание на НР БиХ.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 104. | Уредба за звањата на инспекторите на трудот — — — — — — — — — | 141 |
| 105. | Одлука за овластување Државниот секретар за работи на народната одбрана да дава согласност на склучувањето на договори за посебни награди — — — | 142 |
| 106. | Наредба за примена на Одлуката за минималните заштитни цени и за премиите во 1958 и 1959 година за говедата и свињите од определен квалитет — — — | 142 |
| 107. | Наредба за дополненија на Наредбата за продажните цени на житата и на производите од жито — — — — — — | 143 |
| 108. | Измена на Листата на вредностите на стоките за примена на царинската тарифа за стоките што граѓаните ги внесуваат односно примаат од странство — — — | 143 |
| 109. | Правилник за утврдување способноста на чамците за пловидба. — — — — — | 143 |
| 110. | Правилник за звањата на службениците од хидрометеоролошката служба — — | 148 |
| 111. | Правилник за распоредување во платни разреди на положаите на директорите на околиските и на Обласниот завод за социјално осигурување — — — — — — | 149 |
| 112. | Упатство за определување временскиот период во кој можат да се даваат потрошувачки кредити за купување на огрев | 149 |
| 113. | Измена на XVIII Конкурс за давање инвестициони заеми од средствата на Општиот инвестиционен фонд за инвестиции во селкото стопанство во 1957 и 1958 година — — — — — — — — — — | 150 |
| 114. | Список на хемиските средства за заштита на растенијата за кои е издадена дозвола за пуштање во промет на територијата на Југославија — — — — | 150 |
| | Исправка на Уредбата за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет | 151 |
| | Исправка на Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи — — — — — — — — | 151 |
| | Исправка на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за нормите на амортизација на основните средства на стопанските организации — — — — — | 151 |
| | Исправка на Одлуката за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации — — — — — | 151 |
| | Исправка на Списокот на селскостопанските машини, справи и уреди на кои се однесува регресот — — — — — — — — | 151 |


**Издава Новинска установа „Службен лист на ФНРЈ", Белград, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. Директор и одговорен уредник Слободан М Нешовиќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. Печат на Белградскиот графички завод, Белград**